РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 01-2725/1
19-04-2018 20__ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерката за одбрана, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за исплата на хонорари на соработниците во списанието " Современа македонска одбрана "

1. Со овој Правилник се утврдуваат износите за исплата на хонорари на соработниците во списанието "Современа македонска одбрана " – главен и одговорен уредник, автори на текстови, рецезенти, превод и лектура.

2. За главниот и одговорен уредник се исплаќа хонорар од 7000 денари за испечатено издание.

3. За домашните и авторите од странство на теоретски трудови објавени во списанието "Современа македонска одбрана" не им се исплаќа хонорар.

4. За рецезентите на трудовите се исплаќа хонорар од 3000 денари.

5. За превод на сите пристигнати текстови од македонски јазик на англиски и албански јазик се исплаќа хонорар во висина од 400 денари од страна.

6. За превод на сите пристигнати текстови од англиски јазик на македонски и албански јазик се исплаќа хонорар во висина од 300 денари од страна.

7. За извршена лектура на текстовите на англиски и албански јазик се исплаќа хонорар во висина од 200 денари од страна.

8. Овој Правилник стапува во сила со денот на потпишувањето.

Изработил : Габријела Ѓорѓевиќ
Државен секретар: Драган Николиќ

Скопје, 19-04-2018 2018 година
Бр.________________

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

Радмила Шекеринска - Јанковска